РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-767/2
29-05-2025 г./v.

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 18-та седница одржана на 21.05.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапувањето по пријавата со број 12-1422/1 од 16.04.2024 година, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека друг надлежен орган постапува наводите од пријавата.

Предметот со број 12-1422/1 од 16.06.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-1422/1 од 16.03.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од непознат подносител. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконско работење и спроведување на јавни набавки од страна на раководни службени лица во /// во периодот /// година. Во прилог на пријавата доставен е Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за /// година на /// /// /// /// /// /// /// /// /// /// /// /// ///, заведен под број /// и издаден од Државен завод за ревизија на РСМ.

По увидот во содржината на пријавата и доставениот горе означен конечен ревизорски извештај, ДКСК побара податоци и информации за предметниот случај од Јавно обвинителство на РСМ. Од негова страна до ДКСК е доставен одговор според кој од претходно споменатиот надлежен орган се преземаат

активности во насока на утврдување на состојбите за предметниот случај, заради што ДКСК одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С. Д., член

Доставено до:
- Архивата на ДКСК.